Ирена Параџик Ковачиќ
Вања Зидар Шмиц

# Економските разлики во Југославија



**Клучно прашање**

## Колку економијата на Кралството СХС/Југославија ги отсликувала разликите и соработката помеѓу народите кои живееле во Југославија?

**Тема**

МодулотиХЛцнСЕКцЛАниХАЛгнГЕснпЕццЛПноЕАПЛБнтЕКтцЛАниХЛтноЕАПЛБниХАЛгнГЕПх²нМЕКППЛ

**Очекувани резултати:**

- Стекнување на знаења (разбирања) за економските разлики помеѓу различните региони во Југославија
- Споредување на степенот на економски развој и напредок помеѓу различните региони во Југославија
- Анализа на улогата на државата во економскиот развој
- Оценување на ефикасноста или бескорисноста на решавањето на економските разлики помеѓу регионите во Југославија

, .
10% . , ,
.
, , .
. ,
54% .
1925 1931 . 30-
. 30- , ,
, .

Извор **1**

**Создавањето на Кралството СХС**




*Gabrič, Aleš in Režek, Mateja: Zgodovina 4: učbenik za 4. letnik gimnazije. Ljubljana: DZS 2011. Page 146.*

Извор **2**

**Хутлерова колонија на Побрежје, Марибор**



Во 1926 година, Јосип Хутер, во соработка со австриската компанија Wenzel Hoffelner, основал текстилна фабрика „Josip Hutter & Drug". На почетокот компанијата произведувала само ефтина памучна ткаенина, а подоцна, 1929 година, изградиле и ткајачница и фабрика за конци за шиење во 1937 година, како и ткајачница за свила во 1939 година. Фабриката во почетокот вработувала 360 работници. До 1949 година бројот на работници во фабриката се искачил на 1.600. По Втората светска војна, сите приватни средства за производство биле национализирани.
Јосип Хутер се обидел станбениот проблем на работниците да го реши со поволни кредити за изградба на куќи за нив. Така е создадена т.н. Хутлерова работничка колонија од 20 куќи, подигната во 1937 година на Побрежје, Марибор

*http://industrijskapespot.si/hutterjeva-kolonija---opis.html (11. 1. 2014)*

Извор **3**

**Шанти град Сибирија, Љубљана**



*Repe, Božo: Sodobna zgodovina: učbenik za 4. letnik gimnazij. Ljubljana: Modrijan 2007. Page 117.*

Извор **4**

**Топилница во рудникот Бор близу Заечар**



*Repe, Božo: Sodobna zgodovina: učbenik za 4. letnik gimnazij. Ljubljana: Modrijan 2007. Page 98.*

**Активност 2:**

Групна работа

Група 1: ИНДУСТРИЈА

Извор **1**

**Индустријата во Првата Југославија**




*Repe, Božo: Sodobna zgodovina: učbenik za 4. letnik gimnazij. Ljubljana: Modrijan 2007. Page 97.*

**Задачи**

1. **Со помош на картата одреди ги доминантните индустриски гранки**
2. **Одреди која индустриска гранка доминирала**

Извор **2**

**Ниво на индустриски развој и образование на територијата на Словенија при влегувањето во новата држава – Кралството СХС**

"При влегувањето во новата југословенска држава, Словенија имала на располагање 275 активни индустриски објекти, благодарение на индустри-јализацијата како континуиран процес. Во Словенија, беше тешко да се најдат неписмени луѓе, а нивото на писменост беше многу високо, над 90%."

*Lazarević, Žarko: Razkorak med razvitimi in nerazvitimi – zaviralni dejavnik modernizacije Jugoslavije? Prispevki za novejšo zgodovino. Inštitut za novejšo zgodovino. Ljubljana: 2002. Page. 78.*

Извор **3**

**Ниво на индустриски развој на Косово во Кралството СХС**

"На Косово немаше ни трага од индустријализација како континуиран процес. Во времето помеѓу двете светски војни, на Косово се оформени околу 25 претпријатија со индустриски карактер. Од нив, 10 млинови, 2 рудника, 3 кожари, 5 погони за метал и 3 мали електрани. Земјоделците живееа во екстремна сиромаштија, за задоволување на основните животни потреби. За разлика од Словенија, на Косово скоро никој и да не знаеше да чита и пишува."

*Lazarević, Žarko: Razkorak med razvitimi in nerazvitimi – zaviralni dejavnik modernizacije Jugoslavije? Prispevki za novejšo zgodovino. Inštitut za ne?:ncij.*

Извор **4**

**Постер на фабриката Сатурнус, Љубљана,** за производство на лим, испишан на 3 различни јазици и писма на официјалните јазици во Југославија




*Slovenska kronika XX. stoletja 1900 – 1941. Ljubljana: Nova revija 1995. Page 359.*

Извор **5**

**Реклама за чевли, Пеко**




*Slovenska kronika XX. stoletja 1900 – 1941. Ljubljana: Nova revija 1995. Page 358.*

Извор **6**

**Реклама за пиво**




*Repe, Božo: Sodobna zgodovina: učbenik za 4. letnik gimnazij. Ljubljana: Modrijan 2007. Page 115.*

Извор **9**

**Пазар во Сараево, БиХ**



*Hielscher, Kurt: Kraljevina SHS. Knjižara Vera v Ljubljani, 1926*

## Задача

**Со помош на изворите спореди ги најмногу и најмалку развиените региони во државата. Каде постоеле најголеми разлики?**

Извор **7**

**Пазар во Љубљана, Словенија**



*Židov, Nena: Ljubljanski živilski trg, odsev prostora in časa (1920 – 1940), Ljubljana 1994, page 125, original u vlasništvu Ljubljanske tržnice*

Извор **8**

**Пазар во Призрен, Косово**



*Hielscher, Kurt: Kraljevina SHS. Knjižara Vera v Ljubljani, 1926*

Извор **10**

**Природен пораст на население во 1931 година**




*Mirković, Mijo: Ekonomska struktura Jugoslavije 1918 – 1941. Zagreb: Nakladni zavod Hrvatske 1950. Page 17.*

**Задача**

1. **Одреди во кои делови на Југославија природниот прираст бил најголем.**

Извор **11**

**Вредност на индустриското производство по глава на жител во 1938 година (во динари)**




*Mirković, Mijo: Ekonomska struktura Jugoslavije 1918 – 1941. Zagreb: Nakladni zavod Hrvatske 1950. Page 17.*

**Задача**

**1. Спореди ги табелите. Како во одредени подрачја влијаел индустрискиот развој врз природниот прираст на население? Објасни го својот одговор.**

Извор **1**

**Железничката мрежа во Првата Југославија**




*Mirković, Mijo: Ekonomska historija Jugoslavije. Zagreb: Informator - Zagreb 1968. Pages 304 and 352.*

**Задача**

**1. Во кои делови на државата имало најголема железничка мрежа, а во кои помала?**

Извор **2**

**Развој на патна мрежа**

„Развојот на патната инфраструктура, и покрај домашниот бетон, фабрики за асфалт, многу работна сила, долготрајна невработеност е многу спор. Некои од главните правци (Загреб – Белград, Белград – Скопје, главните патишта низ Србоја, Црна Гора, Хрватска, Војводина, БиХ и Македонија) беа во многу лоша состојба и често опасни по живот. На опасните места патниците трбеаше да излезат од возилата и да преминат пеш. Мораа да одат низ облаци од прашина во рамничарските предели исполнети со песок ве текот на сушните периоди. Во текот на дождливите сезони, би западнале во кал и морале да бараат помош од волови за да се извлечат.“

*Mirković, Mijo: Ekonomska struktura Jugoslavije 1918 – 1941. Zagreb: Nakladni zavod Hrvatske 1950. Page 121.*

**Задача**

**1. Објасни зошто државата влијаела врз управувањето и изградбата на железничките линии?**

Извор **3**

**Патен сообраќај**



*www.siol.net/tv/naj_gledano/2011/04/kdo_neki_tam_poje.aspx) (10. 5. 2013)*

Извор **4**

**Семејство - дете во колевка на магаре, Бусовача, БиХ**



*Hielscher, Kurt: Kraljevina SHS. Knjižara Vera v Ljubljani, 1926*

Извор **5**

**Развој на сообраќај**

„Државата имаше силно влијание врз развојот на железничкиот сообраќај. Имаше неколку причини за тоа. Првата причина е силното влијание на војската врз железницата. Во времето на монархијата армијата беше најсилен политички фактор, па затоа политичарите работеа за нејзини интереси. Војската пак немаше ни разбирање ни интерес за решавање на економските аспекти на железничкиот сообраќај. Втора причина беше заштитата на интересите на странските инвеститори кои купуваа приватни железнички линии. Третата причина беше тоа што Србија веќе имаше искуство со национализација на приватните железници.“

*Mirković, Mijo: Ekonomska struktura Jugoslavije 1918 – 1941. Zagreb: Nakladni zavod Hrvatske 1950. , 116.*

Извор **6**

**Фтографија на Љубљана од 1930 година, со новото технолошко достигнување - трамвај**




*Slovenska kronika XX. stoletja 1900 – 1941. Ljubljana: Nova revija 1995. Page 17.*

**Задача**

1. **Со помош на дадените извори, објасни во каква состојба биле југословенските патишта во времето меѓу двете светски војни. Како тие услови влијаеле врз економскиот развој?**

**Активност 2:**
Групна работа

Група 3: ЗЕМЈОДЕЛИЕ

Извор **1**

**Вработени лица според професија 1921**




*Mirković, Mijo: Ekonomska struktura Jugoslavije 1918 – 1941. Zagreb: Nakladni zavod Hrvatske 1950. Page 18.*

Извор **2**

**Вработени лица според професија 1931**




*Mirković, Mijo: Ekonomska struktura Jugoslavije 1918 – 1941. Zagreb: Nakladni zavod Hrvatske 1950. Page 18.*

**Задача**

**1. Која гранка на стопанството вработувала најголем број на жители? Која гранка бележи најголем раст на вработени во споредба со 1921 година?**

Извор **3**

**Агро структура на Југославија**




*Mirković, Mijo: Ekonomska historija Jugoslavije. Zagreb: Informator - Zagreb 1968. Page 322.*

Извор **4**

**Регистар на селски домаќинства во Југославија**

„Прв и единствен регистар на селски домаќинства во Југославија направен е во 1931 година. Резултатите не се адекватни бидејќи се вклучени само 42% од југословенскиот простор (10,6 милиони хектари). Нема податоци за другите подрачја (58% или 14,3 милиони хектари), а нема податоци и за тоа какви биле овие подрачја или каков бил нивниот економски потенцијал. (...) Повеќето стопанства со површина од 2 хектари или помалку, се наоѓале во Далмација, Црна Гора, Хрватска и Словенија. (...) Селските имоти од оваа големина се користеле за обработка, па според тоа биле премали да одгледување на добиток.“

*Mirković, Mijo: Ekonomska struktura Jugoslavije 1918 – 1941. Zagreb: Nakladni zavod Hrvatske 1950. Pages 38 and 39.*

**Задача**

**1. Анализирај ја табелата и одреди кои селски имоти, според својата големина, биле доминантни во Кралството Југославија. Како влијаела големината на имотот врз животот на селаните?**

Извор **5**

**Селска куќа Илица, БиХ**



*Hielscher, Kurt: Kraljevina SHS. Knjižara Vera v Ljubljani, 1926*

Извор **6**

**Фарма во Павловац, Хрватска**



*Hielscher, Kurt: Kraljevina SHS. Knjižara Vera v Ljubljani, 1926*

Извор **7**

**Воловска кола, Охрид, Македонија**



*Hielscher, Kurt: Kraljevina SHS. Knjižara Vera v Ljubljani, 1926*

**Задача**

**1. Со помош на изворите објасни го животот на селаните. На кој начин ја обработувале земјата?**

Извор **1**

**Вработени лица според професија 1931**




*Mirković, Mijo: Ekonomska struktura Jugoslavije 1918 – 1941. Zagreb: Nakladni zavod Hrvatske 1950. Page 308.*

**Задача**

1. **Кој регион на Југославија имал најголем удел во вработеноста по сектори**

Извор **2**

**Однос помеѓу машки и женски работници во Драва Банат, 1931**




Осигурителната компанија од Љубљана осигурала 30764 (33,49%) женски и 61084 (66,51%) машки работници. Процентот на женска работна сила постојано е во пораст

*Gabrič, Aleš in Režek, Mateja: Zgodovina 4: učbenik za 4. letnik gimnazije. Ljubljana: DZS 2011. Page 162.*

**Задача**

1. **Зошто уделот на вработените жени се изменил, нарочно во времето на големата економска криза?**

Извор **3**

**Разлики во платите**

„Рударите и квалификуваните работници имаа поголеми плати, додека жените и децата, нарочно во текстилната индустрија, имаа ниски плати.“

*Mirković, Mijo: Ekonomska struktura Jugoslavije 1918 – 1941. Zagreb:*

Извор **4**

**Однос помеѓу машки и женски работници во Банат**

„Времето по Првата светска војна донесе во Словенија период на побрзо вработување на полот кој во 19 век традиционално беше „вработен“ дома.“

*Gabrič, Aleš in Režek, Mateja: Zgodovina 4: učbenik za 4. letnik gimnazije. Ljubljana: DZS 2011. Page 162.*

Извор **5**

**Жени работници**

„По Првата светска војна уделот на жените меѓу вработените во индустријата беше помал од четвртина, а во време на кризата беше околу 40%.“.

*Repe, Božo: Sodobna zgodovina: učbenik za 4. letnik gimnazij. Ljubljana: Modrijan 2007. Page 115.*

Извор **6**

**Женска работна сила**

„...процентот на женска работна сила во однос на вкупниот број на вработени се зголемува од година во година, така да од 1923 до 1933 порасанал од 19,41 на 25,87; значи, во еден десетгодишен период за околу 7%. Интересно е овој пораст да се спореди со претходно спомнатиот пораст на селско население кое не може да се вработи во земјоделството.“

*Kukoleča, Stevan: Industrija Jugoslavije 1918-1938. Balkanska štampa. Beograd. 1941, pg.. 94*

## Активност 3:
Дебата и заклучок

**Наставникот ги поттикнува учениците да му помогнат во формулирањето на заклучокот.**

**Потоа обидете се да одговорите на следните прашања:**

1. Какви биле економските односи во различни делови од Југославија?
2. Каков бил степенот на економски развој во различните региони?
3. Каква била улогата на државата во економскиот развој на Југославија пред Втората светска војна?
4. Каква била ефикасноста на решавањето на економските разлики помеѓу различните региони во Југославија?

**ОДГОВОРИ:**

1. Поголемиот дел од индустријата се наоѓал на северот од земјата, воглавно мали индустриски и трговски компании.
2. Развојот на индустријата го попречувала лошата сообраќајна инфраструктура, нарочно на правецот север-југ.
3. Огромно мнозинство од населението живеело од земјоделство, воглавно на мали имоти. Најбитната економска мерка била аграрната реформа и укинувањето на феудалните, полуфеудалните и колонијални односи. Реформата е спроведена споро и неконзистентно.
4. Уделот на женската работна сила пораснал бидејќи тие биле најевтината работна сила.

**На крајот наставникот им покажува на учениците уште еден извор и дава заклучок – тоа е резиме на она што учениците низ анализа на изворите би требало да го препознаат за југословенската индустрија.**

„Постоеа три различни и спротивставени економски гранки: српската буржоазија ја експлоатираше политичката хегемонија, слободната фискална политика, кредитите, инвестициите, државните претпријатија, државните обврзници, како и трошоците на војската; Хрватите се обидуваа да го контролираат финансискиот капитал, додека Словенците го користеа големиот југословенски пазар и евтините суровини за својата преработувачка индустрија.“

*Repe, Božo: Sodobna zgodovina: učbenik za 4. letnik gimnazij. Ljubljana: Modrijan 2007. стр 97 - 98*.

Извор **6**

**Женска работна сила**

„...процентот на женска работна сила во однос на вкупниот број на вработени се зголемува од година во година, така да од 1923 до 1933 пораснал од 19,41 на 25,87; значи, во еден десетгодишен период за околу 7%. Интересно е овој пораст да се спореди со претходно споменатиот пораст на селско население кое не може да се вработи во земјоделството.“

*Kukoleča, Stevan: Industrija Jugoslavije 1918-1938. Balkanska štampa. Beograd. 1941, pg.. 94*